**З А П И С Н И К**

Од 22 -та седница на Советот на Општина Крива Паланка, одржана на 28.02.2023 година (вторник) во салата на општина Крива Паланка'' со почеток во 11 :00 часот.

**ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРИСУСТВО НА СЕДНИЦА**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Крива Паланка, Изабела Павловска.

Од 19 советници во Советот на општина Крива Паланка, на седницата беа присутни 19 советници.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**:

1. ИЗАБЕЛА ПАВЛОВСКА,

**СОВЕТНИЦИ**

2. МИХАИЛ ДЕЈАНОВСКИ
3. ТАЊА ДЕЈАНОВСКА МИТРОВСКА
4. СРЕТИМИР НИКОЛОВСКИ
5. НИКОЛА ЈАКИМОВСКИ
6. АЛЕКСАНДРА ЈОВАНОВИЌ
7. МЕРИ МИТРОВСКА ЈОВАНОВСКА
8. ВЛАТКО С.РИСТОВСКИ
9. МАРТИН ПОЦЕВСКИ
10. БИЛЈАНА КРСТЕВСКА
11. ДАНИЕЛ АНЃЕЛОВСКИ
12. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ
13. ЕМИЛ СПАСОВСКИ
14. ВИОЛЕТА СТАНКОВСКА СТАНОЈКОВСКА
15. ВЛАТКО Д.РИСТОВСКИ
16. ЛЕНЧЕ ИЛИЕВСКА
17. МЕНДЕ РИСТОВСКИ
18. МОМЕ КРСТЕВСКИ

Претседателот со Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинството советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваа и:

Градоначалник Сашко Митовски
Секретар на општина Антонио Давитковски

Раководител на Секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура Маја Костадиновска
Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој Мартин Николовски
Раководител на правни и општи работи Даниела Велковска

Раководител на Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура Никола Граматиков
Раководител на испекциски надзор Бранко Велиновски
Раководител на Одделение за финансиски прашања Марија Златановска
Раководител на ЛЕР со овластување Валентина Ангеловска
Директор на ЛУ Градски музеј Драган Величковски
Претставници од ЈП Комуналец
Претставник од пензионерите

Претседателот со Советотот отвори расправа по записникот од 20-та седница на совет.

Председателот со Советот го стави на усвојување записникот на 20-та седница на Совет и истиот беше усвоен со 16 гласа ЗА.

Претседателот со Советотот отвори расправа по записникот од 21-та седница на совет.

Председателот со Советот го стави на усвојување записникот на 21-та седница на Совет и истиот беше усвоен со 16 гласа ЗА.

ПЕФА Извештај презентиран од Здружение за финансиски работници и доделување на сертификати -

Председателот со Советот го стави на усвојување дневниот ред на 22-та седница на Совет и истиот беше усвоен со 17 гласа ЗА.

**ДНЕВЕН РЕД**

-ПЕФА Извештај презентиран од Здружение за финансиски работници и доделување на сертификати

1. Предлог-Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1 , К2 и К3 за IV квартал за 2022 година;
2. Предлог- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година ;

3. Предлог-Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина КРИВА ПАЛАНКА за 2023 година;
4. Предлог-Буџетски календар за 2023 година на Општина Крива Паланка;
5. Предлог –Одлука за доделување на еднократна парична награда за двајца припадници на меѓународниот спасувачки тим – УСАРД од Крива Паланка кои учествуваа во спасувачка мисија по преживеани по земјотресот во Турција и Сирија
6. Предлог Одлука за процена на пазарна вредност по зони на недвижен имот, градежно изградено, неизградено и земјоделско земјиште во Општина Крива Паланка;
7. Предлог-Одлука за изменување на Одлуката за висината на комуналните такси на Општина Крива Паланка ;
8. Предлог-Одлука за кофинансирање на проект „Уредување на јавна површина и поставување на урбана опрема на КП 3149 КО Крива Паланка"во Општина Крива Паланка;
9. Предлог-Одлука за усвојување на Програмата за работа на ЈП Комуналец за 2023 година;
10. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за расходирање на основни сретства ,опрема и нивна продажба ;
11. Предлог-Решение за разрешување на член на Управен одбор на ЈПКомуналец Крива Паланка;
12. Предлог – Одлука за усвојување на Извештај по Програмата за работа на ЛУ Градски музеј – Крива Паланка за 2022 година;
13. Предлог-Одлука за усвојување на Извештај за програма за работа на ОСБСП за 2022 година;
14. Предлог – Одлука за усвојување на извештај за еднакви можности на жените и мажите за 2022година на Општина Крива Паланка ;
15. Предлог-Одлука за Извештајат за реализирани активности по програмата за активностите на Општина Крива паланка за подршка на граѓанските здруженија во 2022 година ;
16. Предлог-Одлука за усвојување на извештајот за реализирани активности по Програмата за локален економски развој за 2022 година ;
17. Предлог-Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за образование и спорт за 2022 година;
18. Предлог – Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2022 година;
19. Предлог-Одлука за усвојување на Годишен извештај за активностите на Општина Крива Паланка во областа на ИКТ во 2022 година;
20. Предлог-Одлука за усвојување на Извештај за реализирани активности по Програмата за култура за 2022 година;
21. Предлог-Одлука за доделување на признание за Најуспешен просветен работник во одделенска настава и признание за Најуспешен просветен работник во предметна настава во основно и средно образование на територијата на Општина Крива Паланка за учебната 2022/2023 година;
22. Предлог- Одлука за давање согласност на предлог-планот за запишување ученици во прва година во Средното општинско училиште „Ѓорче Петров" од Крива Паланка за учебната 2023/2024 година;
23. Предлог-Одлука за усвојување на извештај по Програмата за уредување на градежно земјиште за 2022 година за Општина Крива Паланка;
24. Предлог-Одлука за усвојување на извештај по Програмата за изградба, реконструкција и одржување на јавно осветлување за 2022 година за Општина Крива Паланка;

25. Предлог – Одлука за усвојување на Годишен извештај по Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локална патна мрежа за 2022 година за Општина Крива Паланка;
26. Предлог -Одлука за усвојување на Годишен извештај по Програма за изградба,реконструкција и одржување на локална водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2022 година ;
27. Предлог-Одлука за изменување на Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп на недвижен имот - деловен објект во сопственост на Општина Крива Паланка со електронско јавно наддавање;
28. Предлог – Одлука за усвојување на извештајот по Програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2022 година;
29. Предлог-Одлука за усвојување на Извештај за спроведување на Програмата за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2022 година ;
30. Предлог-Одлука за усвојување на извештајот за реализација на Програма за уредување на сообраќајна сигнализација за 2022 на подрачјето на Општина Крива Паланка
31. Предлог-Одлука за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2022 година ;
32. Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.7144 во КО Конопница, Општина Крива Паланка
33. Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.7779 во КО Конопница, Општина Крива Паланка;
34. Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 1226/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка ;
35. Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.7806 и дел од к.п.бр.7838 во КО Конопница, Општина Крива Паланка ;
36. Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.445 и дел од к.п.бр.446/1 во КО Дурачка Река, Општина Крива Паланка .

**РАСПРАВА ПО ТОЧКА ОД ДНЕВЕН РЕД**

1.Предлог-Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1 , К2 и К3 за IV квартал за 2022 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Советникот Влатко Д.Ристовски при разгледување на IV квартал за 2022 година каде во истиот биле ставени и претходните 3 извештаи за 2022 година не е задоволен бидејќи од реализација на буџетот има зголемување само во делот на непродуктивните трошоци и тоа во време на економска криза . Советникот имаше дадено забелешки поединечно за кои ставки се работи и каде би требало да има подобрување и реализација а истата ја нема или е во многу мал % на реализација и тоа во делот на локални патишта и улици,системи за наводнување,капиталните расходи се далеку помали од минатата година и како се останато што е наведено во извештајот.

Според советникот вкупната реализација е многу помала од минатата година затоа 2022 година е далеку по неразвојна на повеќе проекти од мандатот на претходниот градоначалник и ќе биде многу понеуспешна година од 2022 година и затоа советничката група на опозицијата не е задоволна и се изјасни дека ќе гласаат против оваа точка.

Советникот Никола Јакимовски упати реплика до колегата советник Влатко Д.Ристовски дека не се согласува со неговата дискусија и дадените забелешки и даде споредба по ставки од минатите години. Советникот се изјасни дека е задоволен од реализација на капиталните расходи и буџетот за 2022 година бидејќи е многу поголем износот од било која година претходно освен во споредба со 2021 година. Според советникот исто така е добро што и советничката група на опозицијата имала направено споредба со најуспешната 2021 година за општина Крива Паланка и треба за наредните години да се натпреваруваме со таа година и се надеваме на уште поуспешна од таа.

Советникот Влатко Д.Ристовски упати контра реплика дека секогаш треба да се направи споредба со претходната година и секоја наредна да биде подобра и поуспешна но за жал сега е спротивно од тоа.

Советникот Никола Јакимовски во својата дискусија имаше даде образложение за точна бројка на капитални инвестиции и капитални расходи и свое видување и дека не е предвидено помалку капитални расходи од ниедна година претходно.

Советничката Ленче Илиевска даде свое видување по однос на кварталниот извештај и на реализација на буџетот за 2022 година.Според советничката во извештајот е наведено 54% реализација и ако се направи анализа на ставките кои се дадени во истиот ќе се види дека тие капитални расходи се однесуваат на реализација на проекти кои што не донесуваат подобрување на развојот на општината и затоа се согласува само со дискусијата на колегата советник Влатко Д.Ристовски но не и со кажаното на колегата советник Никола Јакимовски.

Раководителката на одделение за финансиски прашања Марија Златановска даде образложение.

Градоначалникот даде образложение на дискусиите и забелешките дадени од страна на советниците.

Советничката Ленче Илиевска упати прашање до градоначалникот колку реални инфраструктурни проекти во 2022 година за развој на општината се изготвени и реализирани од страна на општината бидејќи се гледа реалноста за 2022 година и колку е реализирано во истата.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18советници ,12гласа ЗА,6 против и 1 воздржан ,Советот донесе- **Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1 , К2 и К3 за IV квартал за 2022 година**

2.Предлог- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19советници ,19гласа ЗА ,Советот донесе - **Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година**

3.Предлог-Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина КРИВА ПАЛАНКА за 2023 година;

Претседателката на комисијата за финансиски прашања Тања Д.Митровска даде образложение за одржаната комисија каде била разгледана предлог-одлуката и за истата било гласано со 5гласа ЗА.

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19советници ,12гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина КРИВА ПАЛАНКА за 2023 година**

4.Предлог-Буџетски календар за 2023 година на Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19советници ,19гласа ЗА ,Советот донесе- **Буџетски календар за 2023 година на Општина Крива Паланка;**

5.Предлог – Одлука за доделување на еднократна парична награда за двајца припадници на меѓународниот спасувачки тим – УСАРД од Крива Паланка кои учествуваа во спасувачка мисија по преживеани по земјотресот во Турција и Сирија

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19советници ,19гласа ЗА ,Советот донесе - **Одлука за доделување на еднократна парична награда за двајца припадници на меѓународниот спасувачки тим – УСАРД од Крива Паланка кои учествуваа во спасувачка мисија по преживеани по земјотресот во Турција и Сирија**

6.Предлог -Одлука за процена на пазарна вредност по зони на недвижен имот, градежно изградено, неизградено и земјоделско земјиште во Општина Крива Паланка;

Претседателката на комисијата за финансиски прашања Тања Д.Митровска даде образложение за одржаната комисија каде била разгледана предлог-одлуката и за истата било гласано со 3гласа ЗА и 2 воздржани.

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19советници ,12гласа ЗА и 7 воздржани ,Советот донесе- **Одлука за процена на пазарна вредност по зони на недвижен имот, градежно изградено, неизградено и земјоделско земјиште во Општина Крива Паланка**

7.Предлог-Одлука за изменување на Одлуката за висината на комуналните такси на Општина Крива Паланка ;

Претседателката на комисијата за финансиски прашања Тања Д.Митровска даде образложение за одржаната комисија каде била разгледана предлог-одлуката и истата било гласано со 5гласа ЗА .

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19советници ,19гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за изменување на Одлуката за висината на комуналните такси на Општина Крива Паланка**

8.Предлог-Одлука за кофинансирање на проект „Уредување на јавна површина и поставување на урбана опрема на КП 3149 КО Крива Паланка"во Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19советници ,19гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за кофинансирање на проект „Уредување на јавна површина и поставување на урбана опрема на КП 3149 КО Крива Паланка"во Општина Крива Паланка;**

9.Предлог-Одлука за усвојување на Програмата за работа на ЈП Комуналец за 2023 година;

Претседателот на комисијата за комунални работи и сообраќај Даниел Анѓеловски даде образложение за одржаната комисија каде била разгледана предлог-одлуката и за истата било гласано со 2гласа ЗА и 2 против.

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Советникот Емил Спасовски упати забелешка во делот на расходи во буџетот каде има предвидено во основ бруто плати за времено ангажирање на работници по договор на дело и ангажирање на работници преку агенција и тоа 48 мил.денари каде 100% од приходите од основните финансиски активности се само за вработување. Според советникот јавното претпријатие нема никакви развојни проекти.

Советничката Ленче Илиевска  постави прашање до службите ако можат да дадат објаснување бидејќи во програмата било наведено дека во 2023 година вработените од јавното претпријатите ќе посетуваат семинари во странство а во делот на расходите нема наведено колку средства се предвидени за таа намена.

Претставник од ЈП Комуналец даде објаснување.

Откако никој друг  не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19советници ,11гласа ЗА,6 против и 1 воздржан  ,Советот донесе- **Одлука за усвојување на Програмата  за работа на ЈП Комуналец  за 2023 година;**

10.Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за расходирање на основни сретства ,опрема и нивна продажба ;

Претседателката на комисијата за финансиски прашања Тања Д.Митровска даде образложение за одржаната комисија  каде  била разгледана предлог-одлуката и истата била подржана со 5гласа ЗА

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој   не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18советници ,18гласа ЗА  ,Советот донесе- **Одлука за давање согласност на Одлуката за расходирање на основни сретства ,опрема и нивна продажба**

11.Предлог-Решение за разрешување на член на Управен одбор на ЈПКомуналец Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој   не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18советници ,18гласа ЗА  ,Советот донесе- **Решение за разрешување на член на Управен одбор на ЈПКомуналец Крива Паланка**

12.Предлог – Одлука за усвојување на Извештај по Програмата за работа на ЛУ Градски музеј – Крива Паланка за 2022 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој   не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18советници ,13гласа ЗА и 6 воздржани  ,Советот донесе- **Одлука за усвојување на Извештај по Програмата за работа на ЛУ Градски музеј – Крива Паланка за 2022 година**

13.Предлог-Одлука за усвојување на Извештај за програма за работа на ОСБСП за 2022 година;

Претседателот на комисијата за комунални работи и сообраќај Даниел Анѓеловски даде образложение за одржаната комисија каде била разгледана предлог-одлуката и за истата било гласано со 2гласа ЗА и 2 воздржани.

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19советници ,13гласа ЗА и 6 воздржани ,Советот донесе- **Одлука за усвојување на Извештај за програма за работа на ОСБСП за 2022 година;**

14.Предлог – Одлука за усвојување на извештај за еднакви можности на жените и мажите за 2022година на Општина Крива Паланка ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19советници ,19гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештај за еднакви можности на жените и мажите за 2022година на Општина Крива Паланка**

15.Предлог-Одлука за Извештајат за реализирани активности по програмата за активностите на Општина Крива паланка за подршка на граѓанските здруженија во 2022 година ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Советничката Виолета С.Станојковска упати забелешка за извештајот бидејќи истиот не содржи финансиска рамка на потрошени средства за активности кои се реализирани а била гласана програма со вградена финансиска рамка според советничката би требало и во извештаите да биде ставена истата.

Исто така советничката побара објаснување зошто покасно бил објавен јавниот повик на граѓански здруженија за млади кој требало да биде завршен 2022 година а сега истиот се префрлува во 2023 година и исто така побара објаснување кои здруженија аплицирале и кога ќе биде реализацијата.

Валентина Ангеловска даде образложение .

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18советници ,12гласа ЗА и 6 воздржани ,Советот донесе- **Одлука за Извештајат за реализирани активности по програмата за активностите на Општина Крива паланка за подршка на граѓанските здруженија во 2022 година ;**

16.Предлог-Одлука за усвојување на извештајот за реализирани активности по Програмата за локален економски развој за 2022 година ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Советничката Ленче Илиевска упати забелешка за извештајот дека во него нема наведено никакви реализирани активности кои биле ставени во програмата за локален економски развој а би требало да се даде објаснување во извештајот кои активности се реализирани и колку средства се потрошени за нивна реализација или ако не се реализирани тие активности од кои причини не се реализирани.Според советничката за секоја активност предвидена во програмата во извештајот треба да биде содржано за да се види реалната слика за економскиот развој на општината.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18советници ,13гласа ЗА и 6 против ,Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештајот за реализирани активности по Програмата за локален економски развој за 2022 година ;**

17.Предлог-Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за образование и спорт за 2022 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Советничката Виолета С.Станојковска при разгледување на оваа точка имаше дадено забелешка која била дискутирана и на самата комисија дека има две програми и тоа за образование и спорт а еден извештај.Според советничката би требало во иднина да бидат два независни извештаи на двете дадени програми.Советничката побара објаснување зошто не е наведено што е реализирано а што не од областа на образованието или ако не е реализирано зошто не е реализирана таа активност или ако активноста е реализирана на кој начин е реализирана истата.

Валентина Ангеловска даде образложение и дека се прифаќа забелешката дадена од страна на советничката.

Градоначалникот се согласува со дадените забелешки од страна на советничката за наредна година ќе биде прифатена .

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18советници ,13гласа ЗА и 6 против ,Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за образование и спорт за 2022 година;**

18.Предлог – Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2022 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Според советничката Ленче Илиевска има реализирано само дел од дадените активности по однос на програмата и затоа по истиот советничката група на опозицијата ќе гласа против усвојување на оваа точка.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,13 гласа ЗА и 6 против ,Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2022 година;**

19.Предлог-Одлука за усвојување на Годишен извештај за активностите на Општина Крива Паланка во областа на ИКТ во 2022 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,12 ЗА,6 против и 1 воздржан ,Советот донесе- **Одлука за усвојување на Годишен извештај за активностите на Општина Крива Паланка во областа на ИКТ во 2022 година**

20.Предлог-Одлука за усвојување на Извештај за реализирани активности по Програмата за култура за 2022 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници , 13 гласа ЗА и 6 против Советот донесе- **Одлука за усвојување на Извештај за реализирани активности по Програмата за култура за 2022 година**

21.Предлог-Одлука за доделување на признание за Најуспешен просветен работник во одделенска настава и признание за Најуспешен просветен работник во предметна настава во основно и средно образование на територијата на Општина Крива Паланка за учебната 2022/2023 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Советничката Виолета С.Станојковска во својата дискусија имаше кажано дека на комисијата со 4 гласа имало предложено во член 2 освен признание за најдобар просветен работник да има и една просечна плата како парична награда тоа да биде како стимул на просветните работници.

Валентина Ангеловска даде образложение дека прво би требало да се направи измена на програмата па потоа да биде ставена и таа парична награда.

Според советничката Виолета С.Станојковска два пати предлогот поминува на комисија и на седницата кога се усвојувале програмите предлогот бил прифатен и требало иницијативата да биде ставена на гласање и не би требало да биде проблем програмата да се измени со овој предлог.

Председателот со Советот даде објаснување дека треба да се поднесе иницијатива во писмена форма до советот за усвојување.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18советници , 18 гласа ЗА Советот донесе-**Одлука за доделување на признание за Најуспешен просветен работник во одделенска настава и признание за Најуспешен просветен работник во предметна настава во основно и средно образование на територијата на Општина Крива Паланка за учебната 2022/2023 година**

22.Предлог- Одлука за давање согласност на предлог-планот за запишување ученици во прва година во Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ од Крива Паланка за учебната 2023/2024 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18советници , 18 гласа ЗА Советот донесе- **Одлука за давање согласност на предлог-планот за запишување ученици во прва година во Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ од Крива Паланка за учебната 2023/2024 година**

23.Предлог-Одлука за усвојување на извештај по Програмата за уредување на градежно земјиште за 2022 година за Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Советникот Моме Крстевски упати забелешка за извештајот бидејќи истиот не содржи приходен дел и расходен дел по кои ставки колку е реализирано по однос на програмата и колку средства се потрошени за реализација,како и дадени активности кои не се наведени во програмата за градежно земјиште за 2022 година а се наведени во извештајот.Според советникот секој извештај треба да содржи финансиска рамка за да се има преглед за потрошени средства и затоа советничката група на опозицијата по однос на оваа точка ќе гласа против.

Раководител на Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура Никола Граматиков даде образложение на забелешките дадени од страна на советникот.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници, 12 гласа ЗА,1 воздржан и 6 против. Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештај по Програмата за уредување на градежно земјиште за 2022 година за Општина Крива Паланка**

24.Предлог-Одлука за усвојување на извештај по Програмата за изградба, реконструкција и одржување на јавно осветлување за 2022 година за Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници , 12 гласа ЗА ,1 воздржан и 6 против. Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештај по Програмата за изградба, реконструкција и одржување на јавно осветлување за 2022 година за Општина Крива Паланка;**

25.Предлог – Одлука за усвојување на Годишен извештај по Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локална патна мрежа за 2022 година за Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18советници , 13 гласа ЗА и 6 против Советот донесе- **Одлука за усвојување на Годишен извештај по Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локална патна мрежа за 2022 година за Општина Крива Паланка**

26.Предлог -Одлука за усвојување на Годишен извештај по Програма за изградба,реконструкција и одржување на локална водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2022 година ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Според советничката Виолета С.Станојковска овој извештај е ист како и од претходната година а би требало секој извештај да ја отсликува програмата за тековната година.

Советничката имаше дадено забелешка во извештајот во ставка каде е наведено за замена на постоечки азбесно цементни цевки во водоводната мрежа на повеќе улици во централниот дел на градот.Советничката побара објснување на кои улици е набравена промена на цевките на кои не е направена промена и кога се планира истото да биде решено што би требало да се стави како преоритет за граѓаните.

Раководител на Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура Никола Граматиков даде образложение на забелешките дадени од страна на советничката.

Советникот Моме Крстевски упати забелешка во ставка 1.2 каде е наведен проект за изградба на систем за наводнување во с.Конопница.Според советникот бидејќи овој проект не е на општината нема потреба да биде ставен во извештајот.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,12 гласа ЗА и 7 против. Советот донесе- **Одлука за усвојување на Годишен извештај по Програма за изградба,реконструкција и одржување на локална водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2022 година**

27.Предлог-Одлука за изменување на Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп на недвижен имот - деловен објект во сопственост на Општина Крива Паланка со електронско јавно наддавање;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА Советот донесе- **Одлука за изменување на Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп на недвижен имот - деловен објект во сопственост на Општина Крива Паланка со електронско јавно наддавање;**

28.Предлог – Одлука за усвојување на извештајот по Програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2022 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Советничката Виолета С.Станојковска упати забелешка што исто така е забелешка дадена од страна на граѓаните дека секогаш операторот кога заловува кучиња во нашата општина враќа нови кучиња и поради новата средина на живеење тие станувaат се поагресивни и затоа треба да се преземе нешто .

Според советникот Дане Милошевски не е решен проблемот со заловување на кучињата нивна стерилизација и враќање назад за што се потрошени голема сума на средства и затоа би требало да се реши на друг начин службите да се повикаат на законот и ветеринарната инспекција со направена контрола на домашните кучиња.

Советничката Мери М.Јовановска се согласува дека треба да има контрола на домашните кучиња треба да бидат чипувани и со пасош но не се согласува дека стрилизацијата и враѓањето на кучињата назад на улица не е метод бидејќи секаде овој метод е признаен како хуман и ефикасен метод и е според законот кој е подржан од здружението за заштита на животните.

Раководителот на инспекциски надзор даде образложение.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,12 гласа ЗА и 7 воздржани. Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештајот по Програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2022 година**

29.Предлог-Одлука за усвојување на Извештај за спроведување на Програмата за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2022 година ;

Претседателот на комисија за урбанистичко планирање ,уредување на просторот заштита на животната средина и природата Влатко С.Ристовски даде образложение за одржаната комисија каде била разгледана предлог-одлуката со дадена техничка грешка и за истата било гласано со 3гласа ЗА и 1 воздржани.

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,12 гласа ЗА и 7 воздржани. Советот донесе**- Одлука за усвојување на Извештај за спроведување на Програмата за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2022 година**

30.Предлог-Одлука за усвојување на извештајот за реализација на Програма за уредување на сообраќајна сигнализација за 2022 на подрачјето на Општина Крива Паланка

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Советничката Виолета постави прашање дали ќе има поставување на елементи за успорување на сообраќајот на други улици според сообраќајниот проект.

Раководител на Секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура Маја Костадиновска даде образложение на прашањето од страна на советничката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,13 гласа ЗА и 6 воздржани. Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештајот за реализација на Програма за уредување на сообраќајна сигнализација за 2022 на подрачјето на Општина Крива Паланка**

31.Предлог-Одлука за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2022 година ;

Претседателот на комисија за урбанистичко планирање ,уредување на просторот заштита на животната средина и природата Влатко С.Ристовски даде образложение за одржаната комисија каде била разгледана предлог-одлуката и за истата било гласано со 3гласа ЗА и 1 воздржани.

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,12 гласа ЗА и 7воздржани. Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2022 година ;**

32.Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.7144 во КО Конопница, Општина Крива Паланка

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА . Советот донесе- **Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.7144 во КО Конопница, Општина Крива Паланка**

33.Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.7779 во КО Конопница, Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА . Советот донесе- **Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.7779 во КО Конопница, Општина Крива Паланка**

34.Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 1226/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА . Советот донесе- **Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 1226/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

35.Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.7806 и дел од к.п.бр.7838 во КО Конопница, Општина Крива Паланка ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА . Советот донесе- **Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.7806 и дел од к.п.бр.7838 во КО Конопница, Општина Крива Паланка**

36.Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.445 и дел од к.п.бр.446/1 во КО Дурачка Река, Општина Крива Паланка .

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА . Советот донесе- **Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.445 и дел од к.п.бр.446/1 во КО Дурачка Река, Општина Крива Паланка .**

Со исцрпување на дневниот ред председателот ја заклучува 22-та седница на Советот на општина Крива Паланка

| | |
|---|---|
| Записничар | Претседател на Совет |
| Клара Стевановска | Изабела Павловска |